МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА*

ЗА ПАРАЛЕЛКИТЕ СО АЛБАНСКИ И ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК
ЗА II ГОДИНА

Скопје, 2002 година

### 2.2. Посебни цели

Покрај општата цел на наставниот предмет, ученикот треба:

- да ги утврди, прошири и систематизира знаењата за македонскиот стандарден јазик;
- да ги развие индивидуалните способности за рецептивна и продуктивна употреба на македонскиот стандарден јазик во писмена и усна форма;
- да знае за историските, културните и литературните достигања на македонскиот народ;
- да може да следи филмски и сценски остварувања и да прима најразлични информации за тековните настани во светот на македонски јазик.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење на наставата по овој предмет и за реализирање на наведените цели неопходно е учениците солидно да ги усвоиле наставните содржини од I година и да имаат основни предзнаења за наставните содржини стекнати во основното образование.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Образовниот процес е структура во која рамноправно учествуваат подрачјата ***Јазик*** (36 часа) и ***Литература*** (36 часа), застапени со еднаков број часови, чии содржини се реализираат како нераскинливо единство. Ова произлегува од заедничките функционални и дидактичко-методски цели (јазично-перцептивните и литературно-перцептивните способности и умеења на учениците, изразните способности и умеења на учениците поврзани со рецепцијата и креацијата на најразлични видови текстови, јазикот како основа на литературата и литературата како најсложен јазичен код).

### 4.1. Области и содржини

**Јазик :** *Морфологија . Морфосинтакса*
**Литература:** *Просветителство, Романтизам и преродба*

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ : ЈАЗИК (36 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржина** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| **Морфологија и морфосинтакса**<br><br>**Морфологијата** како дел од граматиката<br><br>**Поим за морфема**. Видови морфеми | Ученикот:<br>- да ја дефинира ***морфологијата*** како наука за јазикот што ги проучува формите на зборовите, правилата за нивното градење и граматичкото значење и ***морфосинтаксата*** како наука што се занимава со употребата на зборовите во реченицата. | Усвојување на важните граматички правила за промените на формите на зборовите преку вежби: усни и писмени, учениците да го издвојат општиот дел од завршетокот. | Со мајчиниот јазик со истакнување на важноста на овие дисциплини и нивната поврзаност со фонетиката, синтаксата и лексикологијата. |
| **Зборовни групи и подгрупи** | - Да ги именува признаците што се значајни за групирање на зборовите во групи: семантичка, морфолошка и синтаксичка. | - Вежби во класификацијата на еден збор во некоја зборовна група според сите три пристапи. | Со мајчиниот јазик и странските јазици кои ги познава ученикот. |
| **Именки**<br>Граматички категории на именките | - Да ги користи именките во усното, писменото и друг вид на општење;<br>- да ги разликува категориите кај именките, белезите на родот, лицето и бројот; | | |
| Функции на именките во реченицата | - да ја дефинира службата на именките во реченицата, за да може правилно да се определат членовите во реченицата | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| **Придавки**<br>Граматички категории и функции на придавките | - Да ја дефинира поделбата на придавки-те на описни, односни, бројни и заменски;<br>- да ги разликува категориите на придавките: род, број, определеност, степен и да знае правилно да ги менува според нив. | Вежби за употреба и разликување на придавките и нивните својства. | Контрастивно со странските јазици. |
| **Броеви**<br>Граматички категории | - Да ги разликува категориите на броевите: род број, определеност. | Вежби за идентификација на броевите во текст и за искажување на приближна бројност | |
| Образување на броеви за точна и приближна бројност | - да ги класифицира бројните форми за лица и приближна бројност. | | |
| **Заменки**<br>Граматички категории | - Да ги дефинира карактеристиките на личнопредметните, прашалните, односните, неопределените, општите, одречните заменки во текстот. | Вежби за правилна употреба на кратките и долгите форми на личните заменки.<br>Вежби: шема за определување и разликување на формите на заменките и нивното определување. | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| **Глаголи**<br>Граматички категории на глаголот (време, начин, лице, вид, преодност, број | - Да ги категоризира глаголите по време, начин, лице, вид, преодност и број; | Вежби за примена и споредување на глаголот со други зборови во разни контекстуални и речеви услови. | |
| Образување на глаголите<br><br>Класификација на глаголите | - дасоздава модели на глаголски форми по состав и истите ги дефинира и да ги поврзува; | Вежби -категоризација на глаголи што означуваат сегашност, свршеност, несвршеност, повторливост и определеност. | |
| Глаголска л-форма | - да ја разликува и ја употребува глаголската л-форма; | Вежби со примери за одделните глаголски форми со покарактеристични особености и случаи карактеристични на нашиот јазик во глаголскиот систем, со трансформација на овие форми да се идентификуваат во текст. | |
| Глаголска придавка | - да ги разликува формите и да ги знае карактеристиките на глаголската придавка; | | |
| Глаголски прилог | - да го образува глаголскиот прилог и практично го применува; | | |
| Глаголска именка | - да ј аобразува и да ја применува глаголската именка. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| **Прости глаголски форми**<br>Сегашно време | - Да ги применува формите на сегашно време; | Вежби со употреба на сегашност, минатост, определеност и начин. | |
| Минато определено несвршено<br><br>Минато определено свршено | - да ги разликува формите на минато определено свршено од минато определено несвршено време; | | |
| Заповеден начин<br>(значење и употреба) | - да ги применува формите на заповедниот начин. | | |
| **Сложени глаголски форми** | | | |
| Минато неопределено свршено и несвршено време | - Да ги разликува формите на минато неопределено свршено од минато неопределено несвршено време; | Вежби со употреба на сложени глаголски форми, основното значење, како и другите значења надвор од основното и употреба на конструкциите ИМА и СУМ. | |
| Идно време | - да ги применува формите на идно време; | | |
| Можен начин | - да ги применува формите на можен начин; | | |
| Глаголски конструкции со СУМ и ИМА | - да прави конструкции со СУМ и ИМА | | |



| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| **Прилози**<br>Потекло, образување, поделба<br><br>Функција на прилозите во реченицата | - Да ги разликува прилозите од другите видови на зборови и да сфаќа за неизменливата форма;<br>-го одделува значењето за место, начин, количество и степен. | Вежби за поделба на прилозите. Вежби за степенување на прилозите-соодветни и вежби со вистински намерно направени грешки. | |
| **Предлози**<br>Предлозите како показатели на функциите на именките (зборовите) во реченицата | - Да ги користи соодветно правилата на составите од предлог и именка, предлог и лична заменка и акцентот во врска со овие состави. | Вежби за правилно акцентирање со цел учениците да сфатат кога предлозите се служебни зборови што ги изразуваат односите меѓу именските зборови во реченицата и односите на глаголското дејство спрема неговите дополненија. | |
| **Сврзници** | - Да ги применува и употребува за поврзување на одделни зборови во рамките на една реченица или реченици во сложена реченица-приредено и подредено. | Писмени вежби со акцент на примената на сложените сврзници, удвоениот сврзник, сврзниците што произлегуваат од прилози. | |
| **Извици** | - Да ги разликува според своето значење и службата во реченицата за чувствени реакции, имитирање, гласовниот облик, личен однос. | Вежби за правилно усвојување и разликување во значењето на извиците. | |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ : ЛИТЕРАТУРА (36 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Содржина** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
| **Просветителството во Македонија** | Ученикот:<br>- да ги дефинира белезите на просветителството во Македонија; | Визуелен материјал за илустрација на белезите на просветителството, репродукции од познати просветители. | Корелација со мајчиниот јазик. |
| **Јоаким Крчовски** | - Да ги набројува основните био-библио-графски податоци за Јоаким Крчовски. | Читање на текстови од “Различни поучителна наставленија” или “Слово заради завист”; дискусија за сличните морални барања во исламот и во христијанството. | |
| **Кирил Пејчиновиќ** | - Да ја дефинира улогата на Кирил Пејчи-новиќ и да ги набројува основните био-библиографски податоци. | Читање на текстови од “Огледало” или “Слово за празниците”. | |
| **Теодосие Синаитски** | - Да ја дефинира улогата на Теодосие Синаитски и да ги набројува основ-ните био-библиографски податоци. | Читање на текстови од “Предисловие”; дискусија за неговите ставови за важноста на просветата. | |
| **Јордан Хаџи Константинов-Џинот** | - Да ја дефинира улогата на Јордан Хаџи Константинов-Џинот и ги да набројува основните био-библио-графски податоци. | Читање на текстови од “Труд ми е името” и дискусија за првите драмски претстави во Македонија. | |
| **Романтизмот и преродбата во Македонија** | - Да ги дефинира белезите на романтиз-мот и просветителството во Македонија. | Визуелен материјал за илустрација на белезите на романтизмот (преродбата). | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| **Димитар Миладинов** | - Даја дефинира улогата на Д. Миладинов како културен деец и собирач на народни умотворби. | Дискусија за собирачката дејност на Д. Миладинов и читање на текстови од “Зборникот”; извадоци од “Автобиографијата” на Прличев за улогата на Д. Миладинов во преродбата. | Корелација со мајчинниот јазик. |
| **Собирачи на народни умотворби (Кузман Шапкарев, Марко Цепенков)** | - Да ја дефинира улогата на собирачите и ги набројува основните био-библиографски податоци за нив. | Дискусија за собирачката дејност на К. Шапкарев и читање на текстови. | |
| **Константин Миладинов** | - Да ја дефинира основоположничката улога на К. Миладинов во македонската поезија и ги набројува основните био-библиографски податоци: | Анализирање на уметничката вредност во песната “Т'га за југ”. | |
| **Рајко Жинзифов** | - Да ја дефинира улогата на Р. Жинзифов како основоположник на македонскиот расказ. | Читање на текстови од “Прошедба” и дискусија за првите обиди за пишување на расказ. | |
| **Григор Прличев** | - Да ја коментира улогата на Г. Прличев и да ги набројува основните био-библиографски податоци. | Коментар на епското и лирското во поемата “Сердарот”. | |
| ЛЕКТИРА<br><br>1. Македонска народна поезија<br>2. Г.Прличев:"Автобиографија"<br>3. Избор од поезијата на К. Миладинов | | | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Наставникот може да ги применува сите верифицирани методи и техники на учење во согласност со дефинираните цели. Му се препорачува засилување на проблемско-творечкиот методски систем, аналитичко-интерпретативниот и, по можност, корелациско-интегративниот. Наставникот треба да иницира комплетно самостојна активност на учениците, да ги води кон смисловно-рецептивно и смисловно-активно учење и постојано треба да ги коригира механичко-рецептивното и механичко-активното учење.

### АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИКОТ

Наставникот е одговорен за организацијата и реализацијата на наставниот процес. Тој е задолжен да ја испланира наставата глобално, тематски и оперативно (фондот на часовите и нивната распределба дозволува креативност и еластичност на наставникот во реализацијата на целите). Во наставниот процес наставникот треба да биде: организатор, координатор, иницијатор, водач и насочувач за размена на искуства и сл.

### АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИКОТ

Ученикот треба да биде поттикнат на континуирано активно следење на наставата со активно слушање кое подразбира негова реакција со соодветно поставени прашања, одговори и коментари во врска со наставните содржини. Ученикот треба со претходна подготовка да ја следи наставата. Наставникот го поттикнува читањето како основна активност за усвојување нови содржини, но и како критичко читање при кое ученикот се обидува својот личен став да го изрази, да го аргументира и да го брани со помош на усвоените алатки за дескрипција на текст. Ученикот преку активноста пишување усвојува определени знаења, умеења и способности [illegible] за неговиот иден живот.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

- Во втора година се работат три задолжителни писмени работи за кои се испланирани по 9 наставни часа (за техничка подготовка, изведба и поправка).
- Предметот *македонски јазик и македонска литература* подразбира поделба на часовите за усвојување нови наставни содржини од областа на јазикот и литературата, како и дел за реализирање на фунционалните цели на обете подрачја, со акцент врз самостојната работа на учениците (кои ги подразбираат знаењата, умеењата и способностите, дефинирани во општите, функционалните и во одделните цели на подрачјата).

## 4.4. Наставни средства и помагала

Реализацијата на Програмата подразбира солидна библиотека, медиотека, графички помагала, компјутерска техника и сл.

4.4.1. Наставни средства: според Стандардот за простор, опрема и наставни средства

4.4.2. Учебници и учебни помагала за учениците:
– *учебник по македонски јазик*
- *учебник по македонска литература*

4.4.3. Дополнителна литература за наставникот:


1. Бојковска. Стојка; Ѓуркова–Минова, Лилјана; Пандев, Димитар; Цветковски, Живко, *Македонски јазик, Скопје 2000*
2. Видоевски. Конески, Угринова-Скаловска, Правопис на македонскиот јазик
3. *Речник на македонскиот јазик* (со српскохрватски толкувања), Скопје 1986
4. Конески, Кирил. *Правописен речник, Скопје 1999*
5. Минова-Ѓуркова, Лилјана, *Синтакса на македонскиот стандарден јазик, Скопје 2000*

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според познатите законски норми. Напредувањето и оценувањето на учениците постојано се следи и се врши континуирано во текот на наставата, со обид на учениците оценувањето да им ја покаже реалната состојба во нивните знаења со што ќе се стимулираат за нивно перманентно продлабочување.

Усниот инструментариум се состои од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања, самостојно изложување на доживувања и сфаќања, ставови и судови.

Пишуваниот инструментариум ќе претпочита писмени работи, објективни тестови на знаења, тестови на способности, особено на самостојни ученички текстови (есеј) во кои учениците ќе ги аплицираат научените нешта низ сопственот, индивидуален израз.

Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тримесечјето, полугодието и крајот на годината.

За учениците кои не ги усвојуваат во задоволителна мера знаењата, задолжително се организира дополнителна настава.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

### 6.1. Основни карактеристики на наставникот

Покрај условите пропишани во Законот за средно образование наставникот како:

- предавач: *соопштува информации, формулира проблеми, дефинира, соопштува, објаснува, демонстрира, прави врски меѓу поимите, го потенцира важното и универзалното;*
- организатор на наставата: *планира активности, поттикнува, формулира прашања, го определува времетраењето на активностите и др.;*
- партнер во педагошката комуникација: *дава мислење, иницира дијалог, мотивира, поттикнува, пофалува, насочува дискусија, прави корелација со знаењата од областа на другите предмети;*
- оценувач: *објективно ги евалуира активностите на ученикот во областа на знаењето, како и на однесувањето на ученикот.*

### 6.2. Стандарди за наставниот кадар

*Студиски групи на Филолошки (порано Филозофски) факултет- наставна насока:*

1. Македонски јазик и книжевност или Македонски јазик и македонска книжевност – наставна насока;
или Македонски јазик, српски јазик и книжевност – наставна насока;
2. Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет (поранешната група Историја на книжевностите на народите на СФРЈ – наставна насока).
3. Општа и компаративна книжевност – наставна насока (според програмата до 1993 година).

### 6.3. Стандард за простор и опрема

- Наставата се организира во училница или во кабинет, а по исклучок се проследува со придружни активности кои го менуваат местото на реализацијата (институции на културата, научни институции, природен амбиент и др.).

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМ А

### 7.1. Датум на изработка: април 2002 година

### 7.2. Работна група за изработка на програмата

1. Мито Стефаноски, советник, Биро за развој на образованието – Тетово, координатор
2. Д-р Димитар Пандев, професор, Филолошки факултет – Скопје
3. Д-р Јадранка Владова, професор, Филолошки факултет – Скопје
4. Валентина Мицинска-Палевска, професор, гимназија „Ѓорѓи Димитров " –Скопје
5. Светлана Пацкулова, професор, Гимназија „Цветан Димов" – Скопје
6. Билјана Митевска, професор, ДСУ „Димитар Влахов" – Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: *1.09.2002 година*

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по предметот *македонски јазик и македонска литература* ја одобри (донесе):

______________________________________________________________________________ со решение

бр. ________________ од ________________ година.